Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **општина Гази Баба**, на ден 14 .10.2016 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на намена А4-Времено сместување (викенд куќи) на дел од КП1260 и дел од КП 1255, КО Раштак, општина Гази Баба, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Гази Баба.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на намена А4-Времено сместување (викенд куќи) на дел од КП1260 и дел од КП 1255, КО Раштак, општина Гази Баба нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Во рамки на планскиот опфат се планира следната намена А4 Времено сместување - Викенд куќи. Изградбата на овие објекти со намена А4 не предвидува кумулативен ефект врз животната средина и здравјето на луѓето.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до општина Гази Баба во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-6686/1
с.р 14.10.2016г.
Место Гази Баба

Име и презиме

Градоначалник
Тони Трајковски